# КРИТИКА И ПРИКАЗИ

**ПРИЛОЗИ ЗА ИЛИНДЕН II, 1978, Материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската република во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување" одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од Илинденското востание, Крушево 1979, 979.**

Во овој обемен зборник се поместени 55 реферати и соопштенија и 21 дискусија, презентирани на научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската република во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување" одржан на 3, 4, и 5 август 1978 година во Крушово под високото покровителство на Претстедателот на Републиката Јосип Броз-Тито. Зборникот ги содржи уште: Предговорот на Редакцискиот одбор, поздравните говори на: Душко Поповски, претседател на Советот „Десет дена Крушевска република"; Лазо Динески, претседател на Општината Крушево; Михаило Апостолски, претседател на Македонската академија на науките и уметностите; Бранко Трпеновски, ректор на Скопскиот универзитет „Кирил и Методиј"; Миомир Дашиќ, претседател на Друштвото на Историчарите на Црна Гора; Јозеф Бушко, професор на Универзитетот во Краков (Полска); Антонин Снејдерек, професор на Универзитетот на Сорбона (Франција) и Јосип Моњац, професор на Колеџот Станислас Париз (Франција), (11—18).

Мошне широката тема на Симпозиумот овозможи учество на голем број научни работници: историчари, правници, политиколози, социолози, филозофи, фолклористи и др., во чии реферати и соопштенија се расветлуваат голем број настани и прашања поврзани со борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување од времето на појавата на ВМРО во последната деценија на XIX век до победоносниот крај на НОБ и Народната револуција. Поради големиот број реферати и соопштенија, објавени во овој зборник, не можеме да ги разгледуваме поодделно, туку ќе се обидеме да ги презентираме според неколку тематски подрачја.

Во поголем број реферати се третирани прашања поконкретно поврзани со Илинденското востание и Крушевската република и тоа: појавата, организационата поставеност, идејно-теоретските поставки на ВМРО, нејзината улога во организирањето и подготвувањето на македонскиот народ за масовно народноослободително востание во предилинденскиот и илинденскиот период, државно-правниот статус на Илинденското востание и Крушевската република, улогата и учеството на одделни личности и војводи во Илинденското востание, осврти на револуционерните борби во време на востанието во одделни краеви, воено-стратешките, економско-социјалните и др. аспекти на Илинденското востание и Крушевската република. Овие мошне значајни настани и прашања ги наоѓаме разработени во рефератите на: Душко Поповски, *Илинденската револуција и*

*Крушевската република во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување*; Љубен Лапе, *Учеството на поетот-револуционер Арсениј Јовков во Илинденското востание*; Славко Димевски, *Вклучувањето на правната мисла во расветлувањето на идејната платформа на ВМРО;* Боро Мокров, *Борбата за идејна чистота на македонскиот народ преку весниците на ВМРО;* Атанас Близнаков, *Епопејата на „Локвата" и „Вињари";* Тодор Симовски, *Илинденското востание во Гуменџиска околија;* Александар Христов, *Илинденското востание во државно-правната историја на Македонија;* Стеван Габер, *Револуционерно-идејните карактеристики на востанието од* 1903 *година;* Панта Марина, *Правосудството во илинденскиот период;* Владо Картов, *Револуционерно-нормативната дејност непосредно пред и за време на Илинденското востание;* Миле Хаџивасилев-Вардарски, *Социјалната политика на македонското националноослободително движење пред и за време на Илинденското востание;* Владо Камбовски, *Изградбата на новото револуционерно кривично право во илинденскиот период од борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување;* Драгомир Драшковиќ, *Слободарски социјалистички пораки на Крушевската република*, Ѓорѓи Ганзовски, *Економската политика на Внатрешната македонска револуционерна организација* (1893—1908); Кики Манѓова-Поњавиќ, *Самофинансирањето на Македонската револуционерна организација;* Владо Поповски, *За карактерот на демократизмот во македонското револуционерно движење;* Јордан Спасовски, *Идејните и теоретски основи на самозаштитата на македонското револуционерно движење во Илинденскиот период;* Петар Пепељуговски, *Некои карактеристики во создавањето и развојот на вооружените сили на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период;* Тошо Атанасовски, *Воената организација и вооружените сили во рамките на Тајната македонско-одринска револуционерна организација;* Љубомир Герасимов, *Прилог кон прашањето на турските воени сили ангажирани да се спротистават на Илинденското востание.*

Во извесен број реферати се обработени прашања поврзани со меѓународната ситуација пред Илинденското востание и во време на истото востание, се расветлуваат дипломатските аспекти на големите сили спрема Македонија во крајот на XIX и почетокот на XX век, како и ставовите на официјалните кругови и други заинтересирани фактори од балканските земји за Македонија и македонското национално-ослободително и револуционерно движење и др. Тоа се рефератите на: Глигор Тодоровски, *Француски документи за Илинденското востание;* Крсте Битоски, *Ставот на Кралството Грција кон Македонската революционерна организација* (1893—1903); Александар Трајановски, *Егзархијата и Илинденското востание*, Елица Георгиевска, *Ставот на римокатоличката пропаганда во Македонија кон Илинденското востание* 1903 *година;* Васил Топурковски, *Кус осврт врз меѓународно-правните аспекти на Илинденското востание;* Михајло Миноски, *Ставот на Австро-Унгарија спрема македонското национално ослободително движење во предилинденскиот период* (1893—1903); Кочо Сидовски, *Ставот на Италија спрема македонското прашање во годините непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во* 1903 *година.*

Рефератот на Климе Џамбазовски, *Српската јавност за македонското национално прашање во време на Илин-*

*денското востание*, е единствен реферат поместен во овој зборник кој е посветен на реагирањето на општествената јавност во останатите југословенски земји кон настаните во Македонија во илинденскиот период. Меѓутоа повеќе внимание е посветено на реагирањето на југословенскиот печат од времето на Илинденското востание за настаните во Македонија, кој со симпатии и наклоност пишувал за борбата на македонскиот народ за неговото национално ослободување. Тоа е направено во рефератите на: Боро Мскров *Печатот на југословенските народи за Илинденското востание;* Горги Василевиќ, *Одгласот на Илинденското востание во српскиот работнички печат во* 1903 *година;* Невенка Богоевиќ, *Црногорскиот печат* („*Глас Црногораца*") *за Илинденското востание и за ситуацијата во Македонија во* 1903 *година*. Одгласот на илинденското востание и Крушевската република во печатот на некои европски земји е обработен во следните реферати: Јозеф Бушко, *Полскиот печат во однос на Илинденското востание и Крушевската република;* Ѓорѓи Милкозиќ, *Романскиот весник „Вистина" за настаните во Битолскиот вилает во време на Илинденското востание;* Никифор Робовски, *Некои одгласи на Илинден во тогашниот чешки печат;* Благој Стоичовски, *Одгласот на Илинденското востание во дел од британскиот печат*.

Значењето и влијанието на Илинденското востание и Крушевската република за понатамошната борба на македонскиот народ за национално и социјално ослободување и нивните традиции во НОБ на македонскиот народ се тема на следните реферати: Иван Катарџиев, *Илинденското востание и развојот на национално-револуционерните борби на македонскиот народ за ослободување;* Новица Вељановски, *Континуитетот на револуционерното движење на македонскиот народ изразен низ некои документи од илинденскиот период и од периодот на НОБ* 1941—1944 *година;* Владо Ивановски, *Една оцена од Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија за Илинденското востание од јули* 1943 *година;* Лидија Симовска, *Илинден во македонскиот револуционерен печат во егејскиот дел на Македонија* (1942—1949); Наум Димовски, *Традициите на револуционерните борби и Илинден* 1903, *одразен во НОБ* 1941—1944 *година во Прилеп и Прилепско;* Милан Стојкоски, *Одразот на илинденските традиции на НОБ во Прилепско*.

Во два реферати објавени во овој зборник, се направени напори да се даде критички и објективен осврт и оценка на некои искажувања на познати раководители на бугарското работничко движење и на некои историографски трудови објавени во Бугарија по Втората светска војна, кои го третираат македонското национално прашање, Илинденското востание и Крушевската република. Тоа се рефератите на: Орде Ивановски, *Бугарската прединфорбировска историографија за Илинденското востание и Крушевската република* (1944—1948); Ристо Поплазаров, *Бугарски искажувања за македонската историја и посебно за Илинденското востание*.

Неколку реферати се посветени на одразот на Илинденското востание и Крушевската република во уметничката и народната литература, како и во ликовната уметност; Гане Тодоровски, *Одразот на Илинден во литературата;* Блаже Ристевски, *Питу Гули во македонската револуционерна народна песна;* Доне Пановски, *Револуциоерната поезија и политичките погледи на Атанас Раздолов;* Симон Дракул, *Песната за*

*Максим;* Лазо Кароски, *Изразната фактура на македонските револуционерни народни песни за Илинденското востание;* Танас Вражиновски, *Илинденскиот револуционерен прозен фолклор;* Пецо Србиновски, *Илинден во ликовното творештво на Тоде Ивановски.*

Во овој зборник се поместени уште три реферати, кои третираат различни прашања и тоа: Воислав Јаќоски, *Илинденските настани во спомените на еден современик и учесник;* Тодорка Шапкалиска, *Јазикот на Крушевскиот манифест;* Благоја Цветковски, *Дидактичка опсервација на Крушевскиот манифест.*

Поголем број од рефератите и соопштенијата објавени во зборникот *Прилози за Илинден* 1978, II се значаен прилог за посестраното расветлување на борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување од крајот на XIX и почетокот на XX век и претставуваат голем придонес за македонската историографија. Во исто време овој зборник има големо значење не само за научните работници од повеќе научни области, туку и за пошироката читачка публика кај нас.

Двата регистри, едниот на лични имиња, а вториот на географски, етнички, државно-правни и други поими, поместени на крајот на зборникот овозможуваат полесно користење на овој обемен зборник.

Даринка ПАЧЕМСКА

## ПРИЛЕП И ПРИЛЕПСКО ВО НОВ 1942 ГОДИНА

**(Материјал од Научниот собир одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година), Скопје 1978, кн. I — 528 стр., кн. II — 555 стр.**

Појавата на Зборникот „Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година" претставува значаен придонес во објаснувањето на историскиот процес на НОВ и Револуцијата од овој дел на Македонија. Во него се објавени материјали од Научниот собир, одржан на 13, 14 и 15 декември 1976 година во Прилеп. Врз база на историската документација, реконструкцијата на партиската организација, а и врз мемоарскиот материјал, учесниците на Научниот собир дадоа успешни разрешувања на редица проблеми, кои се секако со трајна вредност за историјата на градот.

Во Зборников се опфатени 54 реферати и соопштенија. Покрај нив, во него, се поместени: Уводниот и Завршниот збор на Борко Темелкоски, претседател на Организациониот одбор на научниот собир „Прилеп и Прилепско во НОВ 1942 година", потоа Сеќавања, Извод од дискусијата, Регистар на лични имиња и Регистар на географски имиња.

Бројот на поднесените реферати говори за сè поголемиот интерес на научните работници кон проучувањето на историјата на македонскиот народ. Во нив, револуционерната 1942 година е третирана и обработена, така